# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**25.07.2018 год.** **Бр.X**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на акт̄ит̄е донесени на 16-т̄а вонредна седница на Совет̄от̄ на Оӣшт̄ина Крушево одржана на ден 24.07.2018 ḡод.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 16-та вонредна седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 24.07.2018 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-834/2 од 25.07.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 18 став 1 точка 10 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на вонредната седница одржана на 24.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за прогласување на природна непогода од град на делови од КО Пуста Река; КО Горно Дивјаци; КО Долно Дивјаци; КО Селце и КО Норово;**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прогласува природна непогода од силно невреме проследено со врнежи од град на делови од КО Пуста Река; КО Горно Дивјаци; КО Долно Дивјаци; КО Селце и КО Норово, на 23.07.2018 година во периодот помеѓу 13-14,00 часот;

**Член 2**

Комисијата за проценка на штети на земјоделски површини, барањата ќе ги прима до 27.07.2018 година, по што ќе изврши проценка на штетити на земјоделските површини предизвикани од силно невреме проследено со врнежи од град за што ќе изготви збирен извештај- Елаборат за процена на штетите.

Изготвениот извештај ќе се достави до Републичката комисија за процена на штети и архива на Општина Крушево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-829/2 од 24.07.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на вонредната седница одржана на 24.07.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на комисија за проценка на штети на земјоделски површини, предизвикани од град на КО Пуста Река; КО Горно Дивјаци; КО Долно Дивјаци; КО Селце и КО Норово**

1. Со ова Решение се формира комисија за проценка на штети на земјоделските површини предизвикани од силно невреме проследено со врнежи од град на делови од КО Пуста Река; КО Горно Дивјаци; КО Долно Дивјаци; КО Селце и КО Норово, на 23.07.2018 година во периодот помеѓу 13-14,00 часот;

2. Комисијата се формира во состав:

- Велко Дамчески, Општина Крушево-претседател;

-Васко Тасески, Министерство за земјоделие Крушево-член;

-Никола Трајкоски, Агенција за катастар на недвижности Крушево-член;

-Абуш Изеироски, Совет на Општина Крушево-член;

-Михајло Николоски, Агенција за поттикнување за развој на земјоделството на Р.М.-член;

3. Се задолжува комисијата да излези на увид на лице место на оние места за каде што има поднесено барање и да ја утврди состојбата на земјоделските површини и штетата предизвикани од силно невреме проследено со врнежи од град во периодот од 30.07.2018 година до 31.07.2018 година, во рок од 2 работни дена.

4. За извршената проценка комисијата треба да изготви записиник со проценета штета и збирен извештај-Елаборат за процена на штетите и да го достави до Архива на Општина Крушево.

5. Членовите на Комисијата за извршената работа добиваат ќе добијат надомест во висина од 600,00 денари од ден.

6. Мандатот на комисијата трае до завршување на работата за која е формирана.

7. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-829/3 од 24.07.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 16-та вонредна седница на Советот на Општина Крушево ........................................... 1
2. Одлука за прогласување на природна непогода од град на делови од КО Пуста Река; КО Горно Дивјаци; КО Долно Дивјаци; КО Селце и КО Норово ......................................... 1
3. Решение за формирање на комисија за проценка на штети на земјоделски површини, предизвикани од град на КО Пуста Река; КО Горно Дивјаци; КО Долно Дивјаци; КО Селце и КО Норово ................................................... 1

Редакциски одбор на Општина Крушево.